Број на Службен весник:267/2025
Датум на објава на Службен весник:30.12.2025
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став (2) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2025 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ЛОВИШТА

1. На територијата на Република Северна Македонија се определуваат шест државни ловишта, од кои едното е наменето за наставно – научни цели и тоа:

1.1 Кичевско-Бродско ловностопанско подрачје

1.1.1 Реон Кичево (ловиште бр. 5 „Душегубица“);

1.1.2 Реон Македонски Брод (ловиште бр.5 „Тажево“);

1.2 Скопско-Кумановско ловностопанско подрачје

1.2.1 Реон Скопје (ловиште бр.10 „Фазанерија“);

1.2.2 Реон Скопје (ловиште бр.11 „Трубарево“) наменето за наставно – научни цели;

1.2.3 Реон Скопје (ловиште бр.18 „Јасен“) и 1.2.4 Реон Скопје (ловиште бр.19 „Јасен I“).

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на државни ловишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/21).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-9792/9 Претседател на Владата

23 декември 2025 година на Република Северна Македонија,

Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.